РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
1410-13088/1
16-09-

Врз основа на член 15 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19), член 18 од Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности (бр.01-7492/10 од 30.04.2013, бр.01-548/8 од 30.01.2015година, „Службен весник на Република Македонија“бр.173/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20), член 45 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20), член 36 од Правилата за технички и организациски мерки и за обезбедување безбедност на обработка на личните податоци во Агенцијата за катастар на недвижности бр. 0204-12219/1 од 24.08.2021 година а согласно Политика за создавање на систем за заштита на лични податоци во Агенцијата за катастар на недвижности бр.0204-12218/1 од 24.08.2021 година, директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

# ПРОЦЕДУРА ЗА КОПИРАЊЕ И УМНОЖУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

Оваа процедура има за цел да воспостави безбедносен систем за заштита на лични податоци при копирање и умножување на документи кои содржат лични податоци во хартиена или електронска форма во Агенцијата за катастар на недвижности.

**1.Копирање и умножување на документи кои содржат лични податоци**

Копирањето и умножувањето на документите кои содржат лични податоци треба да биде ограничено и дозволено за службени потреби, по барање на надлежен орган во законски пропишана постапка и за случаи и постапки уредени со закон

Копирањето или умножувањето на документите може да се врши единствено од страна на овластените лица.

При копирањето на документите кои содржат лични податоци, истите не треба да се оставаат непотребно на копир апаратот без присуство на овластеното лице кое ги копира докуметните и истите се копираат само во потребен број на примероци, односно треба да се обезбеди дека друго неовластено лице нема и неможе да дојде во контакт со копираните односно умножените документи.

Уништувањето на копираните или умножените документи треба да се изврши на начин што ќе се оневозможи понатамошно обновување на содржаните лични податоци.

Кога, во случаи предвидени со закон, се издаваат копии од документи кои содржат податок за единствен матичен број на лица кои се подносители на барање а не се носители на личниот податок, податокот за ембг не треба да биде непотребно видлив.

Исклучок од оваа правило е кога податоците се издаваат на барање за службени потреби согласно закон.

**2.Објава**

Оваа процедура влегуваат во сила од денот на нејзиното донесување и истите се објавуваат на ВЕБ страната на Агенцијата.

ДИРЕКТОР

---------------------------------

м-р Борис Тунцев